Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 7 јули 2022 година**

**Скопје, јули 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 јули 2022 година**

Седницата започна во 14:10 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваше и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија.

На седницата присуствуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Кадровски прашања

2. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за содржината на Предлог преговарачката рамка за пристапните преговори на Република Северна Македонија со Европската Унија, предложена од страна на Претседателството на Франција со Советот на Европска унија, на 30 јуни 2022 година и заклучи согласно член 185 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да ја проследи до Собранието со предлог да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:15 часот.

**ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Tahir Hani**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**